РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4877/1
18.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

- радијата и ТВ на државно ниво;
- ТВ Коха и ТВ Топестрада на регионално ниво;
- ТВ Дибра, ТВ ДУЕ и Г-ТВ на локално ниво; и
- РА Комета на локално ниво

**За:** директорите и одговорните уредници

**Предмет: Потсетување за одредбите од Изборниот законик што важат во периодот пред почетокот на изборната кампања**

Почитувани,

Ве потсетуваме дека по вчерашното распишување на Повторните избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуша и градоначалник на општина Центар Жупа, закажани за 11 јануари 2026 година, веќе се на сила одредбите од Изборниот законик што се применуваат во периодот пред почетокот на изборната кампања, која според Роковникот на ДИК, ќе се одвива од 22 декември 2025 година, до 9 јануари 2026 година.

Во периодот од распишување на изборите до 22 декември, почетокот на изборната кампања, радиодифузерите при известувањето за изборниот процес, треба да ги почитуваат професионалните начела, посебно начелото за објективно, непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења, така што ќе ѝ овозможат на публиката слободно да оформи свое мислење за одделни настани и прашања, како и да ги почитуваат посебните забрани за поттикнување омраза и нетпеливост.

Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за други правни лица со јавни овластувања, не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.

Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво треба да обезбедат информирање за изборниот процес и за лицата со сетилна попреченост, а за содржините што ќе ги направат пристапни во текот на изборната кампања треба навреме да ја информираат Агенцијата.

Од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања не е дозволено да се емитуваат реклами финансирани од Буџетот на државата, ниту платено политичко рекламирање, освен огласи за собирање потписи за поддршка на кандидатури на група избирачи.

Исто така, не е дозволено уредници, новинари, водители на програма и презентери истовремено да бидат ангажирани во програмите на радиодифузерите и во предизборни активности на учесниците во изборна кампања.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

При објавување на резултати од испитувања на јавното мислење треба да се објават и сите неопходни податоци за конкретното истражување утврдени во Изборниот законик.

Радиодифузерите кои ќе емитуваат платено политичко рекламирање (ППР) за време на изборната кампања, во рок од 3 дена од денот на распишување на изборите, или најдоцна до 24 часот на 20 ноември 2025 година, треба да се регистрираат во Државната изборна комисија.

Во рок од 5 дена од денот на распишување на изборите, или најдоцна до 24 часот на 22 ноември 2025 година, да утврдат ценовници за ППР и да ги достават до надлежните институции – ДИК, ДЗР, ДКСК и АВМУ.

Државната изборна комисија ќе ги потврди и објави доставените ценовници најдоцна на 27 ноември 2025 година.

Во периодот од утврдување на ценовниците до започнување на изборната кампања, радиодифузерите се должни најмалку двапати јавно да ги објават на своите програми.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**